20250741569

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-2014/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Член 1

Во Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија” број 3/25), во член 21 во ставот (1) зборовите: „ , во висина од најмалку 6% во втора година, 9% во трета година и 12% во четврта година од просечната нето-плата исплатена по работник во Републиката во претходната година” се бришат.

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Ставот (4) се брише.

Член 2

Во член 39 ставот (3) се менува и гласи:

„Министерот, во рок од три дена од денот на престанокот на мандатот на директорот, односно од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на наставниците и стручните соработници во регионалниот центар, кој треба да ги исполнува условите за директор од членот 38 став (2) од овој закон.”.

По ставот (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5), кои гласат:

„(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку никој од наставниците и стручните соработници во регионалниот центар не поседува уверение за положен испит за директор на средно училиште и/или нема потврда за положен испит по еден од четирите јазици

(англиски, француски, германски и италијански), не постар од пет години, може да се именува и наставник, односно стручен соработник од редот на вработените во регионалниот центар, како вршител на должноста на директор.

(5) Вршителот на должноста на директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.".

Член 3

Во член 72 став (2) во точката 4) зборовите: „да биде вработен најмалку пет години во орган на државната управа од областа на образованието" се заменуваат со зборовите: „да е вработен најмалку пет години во орган на државната управа од областа на образованието или да е вработен најмалку пет години во јавна установа за стручно образование".

Член 4

Во член 88 во ставот (4) зборовите: „ , до истекот на времето за кое се избрани" се бришат.

Во став (6) зборовите: „ , до истекот на времето за кое се избрани" се бришат.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".